# МИНИСТЕРСТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Врз основа на член 27 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 4/96 и 6/96), министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРИВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на привремено користење на неизградено градежно земјиште.

## Член 2

Неизградено градежно зејмиште може привремено да се користи за:
- услужни дејности;
- спортско рекреативни активности;
- привремени паркинзи и приодни патеки;
- забавни приредби;
- сезонски објекти;
- хортикултурно уредување; и
- поставување урбана опрема од привремен карактер.

## Член 3

Неизградено градежно земјиште може до реализација на урбанистички план да се користи на начин со кој нема да се попречува нормално одвивање на сообраќајот, користење на околните објекти, нема да се предизвикува бучава и нема да се загрозува животната средина.

## Член 4

Правото за привремено користење на неизградено градежно земјиште се остварува по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба.

Правото на привремено користење на неизградено градежно земјиште со непосредна спогодба можат да го остварат државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа како и правни и физички лица поранешни сопственици на градежно земјиште.

Со непосредна спогодба може да се додели неизградено градежно земјиште за привремено користење и во случаи кога и на повторно јавно наддавање не се јавиле заинтересирани лица.

## Член 5

Постапката за остварување на правото на привремено користење на неизградено градежно земјиште ја спроведува Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

## Член 6

Јавното наддавање се објавува во средствата за јавно информирање.

Објавата особено содржи:
- податоци за неизградено градежно земјиште;
- намена за користење на неизградено градежно земјиште;
- почетна цена на јавното наддавање;
- времетраење на огласот;
- време и место на јавното наддавање и
- начин на објавувањето на резултатите од јавното наддавање.

# Член 7

Решението за давање на привремено користење на неизградено градежно земјиште содржи:
- податоци за физичкото или правното лице - корисник;
- податоци за неизграденото градежно земјиште;
- надоместокот за привремено користење неизградено градежно земјиште;
- намената за која се користи земјиштето;
- времето на користење; и
- престанување на користењето.

# Член 8

По истекот на рокот за привремено користење на неизграденото градежно земјиште, корисникот го доведува земјиштето во првобитната состојба на сопствена сметка.

# Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-1701/8-96
15 јануари 1997 година
Скопје

Министер за урбанизам,
градежништво и заштита
на животната средина,
арх.дипл.инж. **Јорго Шундовси** , с.р.